

# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ**
**3 - 10 фев 2026 Билтен бр. 621**

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ ОД ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ВО ОБЛАСТА НА

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за реализација на програмските активности од годишната Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош**

**Линк до повикот —> https://shorturl.at/gCvKE**



## СРЕДБИ СО ГРАЃАНИ

радоначалникот Сотир Лукровски оствари повеќе средби со жители од пштината кои имаа потреба да презентираат/дискутираат спорни проблеми ои со години биле нерешени.

редби од ваков карактер ќе бидат редовна пракса и ќе се реализират со инамика која однапред ќе биде соопштена на јавноста.

стануваме посветени и одговорни во соработката со нашите жители.

о почит,

пштина Карпош

## ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗБОР НА АВТО ШКОЛИ ЗА ОБУКА НА КАНДИДАТИ ЗА ТЕОРЕТСКИ И ПРАКТИЧЕН ДЕЛ КАЈ МЛАДИ ЛИЦА ОД ОПШТИНА КАРПОШ

Општина Карпош започнува со проектот "Субвенционирање на млади лица за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија кај млади лица од Општина Карпош". Со цел спроведување на оваа активност која е дел од Програмата на Секторот за развој за 2026 година, потребно е општината да изврши избор на авто школи преку кои младите лица ќе може да добијат обука за теоретскиот и практичниот дел за возачки испит за Б категорија.

Линк до Повикот —> https://shorturl.at/JIAbQ



# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКА ПОДРШКА ЗА ПОПРАВКА И САНАЦИЈА НА КРОВНИ ПОКРИВАЧИ НА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ ЗА КОЛЕКТИВНО ДОМУВАЊЕ И ЗАМЕНА НА АЗБЕСТНИ КРОВНИ ПОКРИВАЧИ НА ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ

**Финансиската поддршка ќе биде со средства од Буџетот на Општина Карпош за 2026 година од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на уредување на градежно земјиште за 2026 година за спроведување на постапка за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на кровни покривачи на станбени згради за колективно домување и замена на азбестни кровни покривачи на индивидуални станбени објекти (куќи) во Општина Карпош.**

**Линк до Повикот —> https://shorturl.at/bVEoo**

**Линк до Апликација —> https://shorturl.at/Afg95**



# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПОПРАВКА И САНАЦИЈА НА ПОСТОЕЧКИ ЛИФТОВИ И ПОСТАВУВАЊЕ НОВИ ЛИФТОВИ НА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ ЗА КОЛЕКТИВНО ДОМУВАЊЕ ВО ОПШТИНА КАРПОШ

**Финансиската поддршка ќе биде со средства од Буџетот на Општина Карпош за 2026 година од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на уредување на градежно земјиште за спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и поставување нови лифтови на станбени згради за колективно домување во Општина Карпош врз основа на условите и критериумите дадени во овој јавен повик.**

**Линк до ПОВИК https://shorturl.at/dBwWg**

**Линк до АПЛИКАЦИЈА https://shorturl.at/OmmCB**



# СРЕДБА НА ЛУКРОВСКИ СО ФРАНЦУСКА АМБАСАДА

**Градоначалникот Сотир Лукровски оствари средба со Амбасадорот на Франција, советникот за соработка и културна дејност и директорот на Француското интернационално училиште во Скопје. На оваа прва средба се дискутираше за досегашното искуство од спроведените активности кои имаат за цел да го зајакнат изучувањето на францускиот јазик во општина Карпош кој во моментот се изучува во четири основни училишта. Исто така, во фокус на разговорот беа и проектите за развој на Француското интернационално училиште во Скопје (ЕФИС) како главен носител на повеќејазичното образование на младите.**

**Општина Карпош, во рамки на своите ингеренции и можности ќе се залага за што поголема мултијазична и квалитетна образовна понуда за младите од општината. Линк до Правилник —> https://shorturl.at/3CVkU**



# КАРПОШАНИ ЌЕ ДОБИЈАТ МЛАДИНСКИ И РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

**Советот на Општина Карпош заседаваше по осми пат, каде советниците разгледуваа 23 точки кои се најдоа на денешниот дневен ред. Во таа насока поддршка доби Одлуката со која Општина Карпош отстапува дел од спортската сала „Партизан“ која е во нејзино владеење, на времено користење од 3 години без надоместок, за намена Младински центар – Карпош. Оттука, Општината во претстојниот период ќе распише јавен повик за избор на младинска организација, која ќе раководи со младинскиот центар. На тој начин локалната самоуправа ќе овозможи простор со големина од 270 м2 за младите лица на возраст од 15 до 29 години, каде ќе се јакнат нивните индивидуалните вештини за вработување, преку организирање на креативни работилници и други техники за унапредување на формалното и неформалното образование.**

**Со мнозинство гласови, членовите на Советот ја поддржаа и Одлуката за едногодишно отстапување на простор во спортската сала „Партизан“, во чии рамки ќе функционира канцеларија на Ресурсниот центар – Карпош. И за оваа намена Општина Карпош ќе објави Јавен повик за невладини организации и граѓански здруженија, кои би биле дел од Ресурсниот центар. Основната дејност на Центарот ќе биде здружено делување преку вмрежување и аплицирање на проекти кои би биле од нивни интерес, како и од интерес на локалната самоуправа и на граѓаните. Поддршка доби и Предлог – Одлуката со која Општината ќе му отстапи на Црвениот Крст на Град Скопје, просторија во салата „Партизан“ која ќе може да ја користи до една година, без никаков надоместок. На таа локација, Црвениот Крст на Град Скопје ќе ја реализира услугата ,,Помош и нега во домот “.**

**Советниците го изгласаа Решението со кое ќе се формира Комисијата за изработка, следење и спроведување на едногодишни Акциони планови за спроведување на мерки и активности дефинирани со Локалниот Еколошки Акционен План – (ЛЕАП 3). Во комисијата ќе членуваат градоначалникот Сотир Лукровски и петорица претставници од општинската администрација, а со ова тело ќе раководи првиот човек на локалната самоуправа. Во тој контекст, Комисијата е должна да ја следи имплементацијата на ЛЕАП 3 за општина Карпош и да предлага промени во локалниот акционен план и за тоа еднаш годишно да го известува органот на управата, надлежен за работите од областа на животната средина. Советот даде „зелено светло“ за Одлуката со која се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје, за вршење на стручно-административни работи од областа на инспекцијата, во делот на донесување и спроведување на актите за отстранување на бесправно изградените објекти на територија на локалната самоуправа. Имено, Град Скопје во остварувањето на оваа едногодишна соработка ќе учествува со обезбедување на финансиски средства за отстранување на бесправно изградените објекти, при што работите ќе ги изведува Јавното претпријатие „Улици и патишта“ – Скопје.**

Со истата динамика беше изгласана и Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка меѓу Град Скопје и Општина Карпош, за вршење на стручно-административни работи и издавање на одобренија за поставување на урбана опрема и одобренија за вршење дејност, надвор од деловен простор. Во случајов, поконкретно ќе бидат уредени прашањата, а особено начинот и условите за вршење на стручно-административните работи и издавање на одобренија за поставување на комунална, монтажно-демонтажна, рекламно-информативна и комерцијално-угостителска урбана опрема, како и издавање на одобренија за вршење на следниве дејности:

– угостителска, трговска и занаетчиска дејност надвор од деловен простор, на подрачјето на локалната самоуправа, од страна на Град Скопје во име и за сметка на Општина Карпош;

– начинот и условите на распределба на средства од комуналната такса;

-времетраењето на вршењето на заедничката надлежност (меѓуопштинска соработка);

– начинот и условите за престанок на договорот, како и

– други прашања од интерес на заедничкото вршење на заедничката надлежност.

Со поддршка на Советот беа определени членови на Одборите за соработка и доверба со јавноста на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, или поточно на Факултетот за електротехника и информациски технологии, како и на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

Советниците постигнаа консензус околу Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на еднократна парична помош која ќе им биде потребна на карпошани, за лекување и за покривање на други трошоци на граѓаните кои влегуваат во социјално-ризична категорија. Со заедничка одлука беа именувани деветмина советници од Општина Карпош и тројца претставници од администрацијата, кои ќе бидат составен дел на Комисијата за доделување на еднократна парична помош (за лекување и социјален ризик), за 2026 година.

Едногласно беа прифатени Одлуките за уредување на почетокот и завршетокот на работното време, на детските градинки на територија на општина Карпош. Исто така беа изгласани Одлуките за формирање на Комисиите за прием и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет во сите детски градинки на територија на Карпош.

# ЈАВНИ ПОВИЦИ ЗА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА ЛЕКУВАЊЕ, ПОПЛАВА, ПОЖАР И ЗА ЛИЦА ВО СОЦИЈАЛЕН РИЗИК

**ЈАВЕН ПОВИК за доделување на еднократна парична помош за лица/семејства во социјален ризик и лекување**
**Линк до Повикот https://shorturl.at/4veRS**
**Линк до Барањето https://shorturl.at/ZRysT**

**ЈАВЕН ПОВИК за доделување на еднократна парична помош за поплава или пожар**
**Линк до Повикот https://shorturl.at/Yqfdc**
**Линк до Барањето https://shorturl.at/wn6Uf**

